витаминка



**2011 ќе биде година на предизвици**

Обраќање на претседателот на управен одбор г-дин Симон Наумоски

**Спонзорства**

Јосипа Лисац
Раде Шербеџија
Хари Мата Хари

Бр. 2 / март 2011 www.vitaminka.com.mk

# ИНФОРМАТОР



Ново заштитно лице на Витаминка

## Каролина Гочева “Израснав со Витаминка”

Промоција на меки кекси

## Со Деспина и животот е поубав

Општествена одговорност

## Витаминка вклучена во третиот пензиски фонд

ВИТАМИНКА АД Прилеп
Леце Котески 23, 7500 Прилеп,
048 407 407, 048 407 434
contact@vitaminka.com.mk
www.vitaminka.com.mk

# СОДРЖИНА




стр. 3

## 2011 ќе биде година на предизвици

Обраќање на претседателот на управен одбор г-дин Симон Наумоски

стр. 4

## Каролина Гочева “Израснав со Витаминка”

Каролина Гочева е новото заштитно лице на Витаминка

стр. 5

## Витаминка календар 2011

Каролина Гочева и производите на Витаминка, одлична комбинација

стр. 6

## Со Деспина и животот е поубав

Промоција на нови меки кекси

## Општествена одговорност

Витаминка колективно се приклучи кон третиот пензиски столб

стр. 7

## Спонзорства

Јосипа Лисац, Раде Шербеџија, Хари Мата Хари

стр. 8

## Интервју со Каролина Гочева

стр. 10

## Занимливости

Рецепт: Ледена бајадера
Гинисова книга на рекорди: Најголемото колаче на светот
Занимливи факти за кечапот
Занимливи факти за мајонезот








## Обраќање на претседателот на управен одбор Г-дин Симон Наумоски

# 2011 ќе биде година на предизвици



**г-дин Симон Наумоски**
Претседател на управен одбор

Почитувани,

Многумина велат дека да се застане на патот на еден предизвик е навистина тешка работа. Но, затоа пак не би биле она што сме ако не застанеме на нивниот пат и не почнеме да се справуваме со очекувано – неочекуваните препреки. Токму нашата способност да се соочуваме успешно со проблемите не донесе на врвот на македонската економија, како гигант во производство на прехранбени производи и како една од ретките македонски компании кои дури 42% од производството го наменуваат за извоз.

Годините што изминаа не беа нималку лесни, велеа дека нема да успееме да се одржиме на пазарот. Но, покажавме што значи да останеме на врвот и да започнеме да се позиционираме како лидери во земјите во регионот. "Витаминка" е бренд број еден во Македонија за кондиторско производство, но македонскиот квалитет на производите е препознатлив насекаде каде имаме извоз.

Горд сум на тоа што успеавме приказната за "пиперaната" што постоеше пред половина столетие да ја преточиме во приказна на една од најуспешните македонски компании со голем број производи. Едноставно потписот "Витаминка" е ставен на најдобриот македонски flips производ, кремови, чоколади, мајонез, кечап, кекси, витамински пијалак, пудинзи, шлагови..... Нашите прогресивни идеи за тоа како се развива една компанија успеаја ситуацијата од пред триесетина и нешто години кога компанијата беше со 78 вработени, имаше огромни загуби, банкарски кредити и сл. да ја доведат до врвот. Патот не беше лесен, но затоа пак победата е пoслатка. Оттогаш наваму "Витаминка" не работи со загуби, ниту досега имала некогаш блокирана сметка. Знаеме како да ги поставиме работите, знаеме колку треба да се вложи за да се остане на лидерското место, односно ги знаеме состојките кои треба да се употребат на патот на успехот. Имаме тим кој постојано продуцира добри резултати, треба да останеме на цврстите основи и да ги прошириме нашите хоризонти за поголем развој.

Преживувајќи ја 2010 година со енормен раст на цените на репроматеријалите нашиот фокус ќе биде врз намалување на трошоците преку заштеди во производството со модернизирање на производните процеси и зголемување на продуктивноста. Тешките услови на стопанисување нема да бидат пречка на нашиот инвестициски и развоен пат. Оваа година ќе ја искористиме за комплетни припреми за стартување на изградбата на новиот „чоколаден" погон, кој ќе биде пуштен во употреба кон крајот на 2012 година и ќе значи удвојување на капацитетот на 500 – 600 кг чоколадни производи на час. Реални се размислувањата за проширување на капацитетот за производство на снексите и проширување и модернизација на други производни линии. Јас сум оптимист и верувам во ветувањата на 2011 година.

На моја голема радост минатата година "Витаминка" пристапи кон третиот пензиски столб, со што на своите вработени им овозможи поголем избор и стабилност за својата финансиска иднина. Континуирано вложуваме во едукација на нашите кадри и надградба на нашиот раководен и стручен тим со цел етаблирање на стабилен и успешен тим. Ова и во иднина ќе остане важен сегмент на деловната стратегија на "Витаминка".

Со почит,
Симон Наумоски,
претседател на УО

## Ново заштитно лице на Витаминка

# Каролина Гочева “Израснав со Витаминка”





Каролина Гочева ќе биде лицето на Витаминка во 2011 година. Компанијата започнува нов начин на комуникација за квалитетите на македонските производи и прв чекор беше ангажирање на заштитно лице. „Да се биде дел од новата стратегија на Витаминка за мене е од огромна важност, пред сé поради тоа што пораснав со Стоби флипс и со производите на Витаминка. Зарем има нешто поубаво од тоа“, изјави Каролина Гочева. Оваа соработка беше промовирана на официјалната прес конференција, на крајот на 2010 година заедно со првиот проект на Витаминка со ѕвездата, календарот за 2011 година.

*„Да се биде лидер е одговорна работа. Одговорна од секој аспект. Со оглед на тоа што сме компанија која постојано вложува, е иновативна во секој поглед, донесовме одлука 2011 година да направиме чекор напред во комуникацијата со јавноста. Чест ми е да најавам дека потпишавме договор со Каролина Гочева која стана наше заштитно лице. Веруваме дека оваа соработка ќе биде долгорочна, на обострано задоволство“, изјави* ***Владимир Трпаноски****, комерцијалниот директор на Витаминка на прес конференцијата.*

Објави во медиуми



Каролина на календарот на „Витаминка“

Атрактивни фотографии на поп-пејачката Каролина Гочева со потписот на Дарко Мораитов (фото), Даниела Симоновска (костимографка) и Дадар и Даниел (стилисти), го красат календарот на прехранбената индустрија „Витаминка“ за 2011 година. „Производите на 'Витаминка' ми беа омилени уште од мала. Како и многу деца во Македонија, и јас растев со 'стоби флипс', така што оваа соработка со 'Витаминка' за мене има и емотивно значење, бидејќи ме потсетува на моето детство. Пораснав со 'Витаминка'“, вели популарната поп-пејачка. Официјалното претставување на календарот е закажано за денеска во клубот „Воденица“. (К.Ш.)



Каролина на календарот „Витаминка 2011“



КАРОЛИНА НА КАЛЕНДАР

# Витаминка календар 2011

Фотограф: **Дарко Мораитов**
Стилист: **Даниела Симоновска**
Фризура и шминка: **Дадар**
























## Витаминка на саемот за кондиторија во Келн

Почетокот на годината Витаминка ја започна со презентација на своите производи во Европа. Во периодот од 30.01 до 02.02 оваа голема македонска компанија ги изложи своите производи на најголемиот специјализиран саем за кондиторија во светот ISM во Келн.

На ова 41-во издание на саемот, каде што се претставуваат најновите трендови и трендови од областа на кондиторијата учество земаа 1494 изведувачи од 64 земји, а оваа година посетеноста е зголемена за 5%, односно ја достигна бројката од 32300 посетители.

## Промоција на меки кекси

# Со Деспина и животот е поубав

Витаминка уште еднаш позитивно ги изненади своите потрошувачи, организирајќи промоција на своите кекси, ширум поголемите маркети низ целата држава. Промоцијата се случува секој ден во период од три месеци, од февруари, март, па се до крајот на април.

Во поголемите маркети потрошувачите покрај кексите на Витаминка имаат можност да ги дегустираат и интегралните кекси со овесни снегулки - Деспина. Со купување на кој било производ од програмата на меките кекси Frutti, Despina, Melodi и Gracija, потрошувачите добиваат еден од брендираните подароци на Витаминка: пенкало, керамичка шолја или чадор. Македонскиот бренд број еден има предност на пазарот токму поради ценовната политика – производи достапни за сечиј џеб.

Витаминка и во иднина ќе го збогатува својот асортиман на производи, реализирајќи ги своите цели и реални желби за континуиран развој и постојано ширење на пазарот.







## Општествена одговорност

# Витаминка колективно се приклучи кон третиот пензиски фонд

Витаминка е првата македонска компанија која ги зачлени сите свои вработени во доброволниот трет пензиски фонд. Ова значи дека околу 500 вработени на Компанијата имаат можност за поголема пензија и за акумулирање на средства кои може да ги подигнат десет години пред пензионирањето.

„Како компанија која се грижи за своите вработени одлучивме колективно да се зачлениме во еден од доброволните пензиски фондови. Сметаме дека на тој начин на вработените оставаме поголем избор. Ова е чекор со кој сметаме дека ќе овозможиме поголем раст и за Компанијата и за вработените“, изјави Сашо Наумоски, генерален директор на Витаминка.

Според КБ Прво пензиско друштво ретки се големи компании кои се одлучуваат на овој чекор, посебно затоа што се работи за нова услуга и потребно е поголемо запознавање за придобивките на овој столб.

„Во овој период повеќе од потребно е исклучителен ангажман заради поблиско и подетално запознавање на компаниите. Витаминка е прва од македонските компании кои се решија на овој чекор. Ова е нова работа и секако е потребно време за да најде свое место меѓу заинтересираните, но се покажа дека компаниите кои се лидери на пазарот и во својата дејност одлучуваат да станат клиенти“, смета Јанко Тренкоски, директор на КБ Прво пензиско друштво.



## Најдобар работник на месецот

Работник на месец Јануари
**Драган Трајчевски**
машински инженер во УРЕ "Одржување"

Работник на месец Февруари
**Данчо Попоски**
шофер во УРЕ "Логистика"

Работник на месец Март
**Александар Вангелески**
припремач на чоколадна маса и водач на пакерица во Р.Е. Меки кекси

# Хрватската дама Јосипа Лисац во Скопје



Вистински празник за уши, гала концертно уживање - со овие зборови се опишува концертот на хрватската пејачка Јосипа Лисац кој се одржа на 30 ноември минатата година во Универзалната сала во Скопје. Присутните обожаватели имаа можност да ја чујат уникатната, атрактивна и провокативна музичка дива придружувана од оркестар во живо со што нејзините песни добија еден поинаков аранжман. Вистинско освежување и изненадување на сцената беше легендарниот македонски тапанар Гарабет Тавитјан кој беше специјален гостин на концертот и заедно со својот колега од оркестарот на Јосипа имаше заеднички моќен перформанс. Дел од репертоарот беше и македонската „Калино моме“, песна која во изведба на Јосипа Лисац се најде на последното албумско остварување на Тавитјан, насловено „Македонско срце чука во 7/8“. Нашата компанија „Витаминка“ беше дел и од овој настан.

# Роденденски концерт на Хари Мата Хари



Метрополис арена во Скопје беше местото од каде Хари Варешановиќ (Хари Мата Хари) и го посвети својот јубилеен 50-ти роденден на македонската публика, на 15 јануари оваа година. Романтичарот во срце и вистински уметник по убедување ги импресионираше своите обожаватели со четиричасовниот концерт на кој ги испеа хитовите кои никогаш не умираат Домине, Страх ме да те волим, Откуд ти ко судбина, Волио би да те неволим, Кад дође Октобар, Лејла и многу други.

Дел од концертот на Хари Мата Хари, чиј спонзор беше нашата компанија, беа и неговите пријатели, неповторливите Харис Џиновиќ и Џенан Лончаревиќ кои со своите изведби уште толку ја загреаја атмосферата во Метрополис Арена. Распеаната публика со задоволство во еден глас ја испеа „Happy Birthday” честитајќи му го на Хари 50-от роденден. А тој пак испеа песна во чест на Тоше, а некаде пред крајот и „Македонско девојче“. Публиката, заслужено, го врати на бис.

# Романтичарот Раде Шербеџија ја наполни Универзална сала



На 20 декември 2010 година, најпознатиот балкански актер и романтичар Раде Шербеџија заедно со виртуозот на гитара Мирослав Тадиќ, во Скопје одржаа концерт во преполната Универзална сала. Публиката уживаше два и пол часа во нивната изведба исполнета со многу емоции, спомени и романтика.

Пред публиката го промовираа нивниот нов албум „Понекад долазим, понекад одлазим“, а на сцената ги придружуваа „New Cinema Band“ кој го сочинуваат Ејприл Гутри на виолончело, Кристофер Гарсија на тапани и Рој Естрада на бас гитара. Освен песните од нивниот нов албум, изведоа нумери и од претходниот албум „Имам пјесму за тебе“, песните „Ноќ“ посветена на неговата сопруга Ленка Удовички, „Моја Божиќна“, „До последен здив“ и многу други стари и нови хитови. Шербеџија ја забавуваше публиката и со раскажување на досетки, спомени врзани за Македонија и случки во животот.

Раде Шербеџија е актуелен со епизодната улога во филмот за Хари Потер, а македонската публика го памети и по тоа што беше дел од екипата на филмот „Пред дождот“. Автор е на неговата автобиографска книга „До последен здив“, во која говори за неговиот живот, театарот, неговите филозофски размисли за животот, пријателите и случувањата кои влијаеле врз неговата кариера.

Концертот беше во организација на Авалон продукција, а Витаминка од Прилеп беше еден од спонзорите.

*Интервју со Каролина Гочева*

# Вечното дете во мене нема никогаш да се откаже од "Стоби флипс"




*Каролина во календарот на Витаминка за 2011 год.*

**Актуелна си со твојот последен албум „Капка под небото“. Колку си задоволна од продажбата од слушаноста на песните? Се реализираше ли сè што беше планирано?**
Многу сум задоволна од приемот на кој наидовме со последниов албум. Сите песни се подеднакво вртени по радио станиците и слободно можам да кажам дека ова е мојот најуспешен албум досега.

**Песните се љубовни, сентиментални каде доминира твојот глас. Тој ли е музичкиот израз кој сакаше да го промовираш?**
Се разбира дека е тој. Песните се внимателно одбрани, исто и текстовите. Можеби токму таа тага која провејува низ речиси секоја од мелодиите направи албумот да е толку баран и слушан бидејќи секој се поистоветува со одредена песна... Најголемите хитови, песните кои траеле вечно се песни со тажни текстови.

**Каде сè ќе се промовира албумот? Во кои други држави?**
Веќе е промовиран во Србија, Црна гора и Босна од каде добиваме многу



*“На исхраната внимавам умерено, порано повеќе сега веќе не се оптоварувам со тоа туку го пратам говорот на организмот”*



позитивни реакции. Се разбира дека е направена и српска верзија на албумот.

**❖ Која песна ти е фаворит од албумот?**
Не можам да издвојам една. Сите ми се подеднакво драги и јас не можам да бидам објективна при издвојувањето затоа што сите песни сум ги преслушала милион пати.

**❖ Песната „Не се враќаш“ стана огромен хит на радио станиците. Како се случи соработката со Влатко Стефановски? Планирате ли снимање на видео запис за оваа песна?**
Соработката се случи спонтано, ова ни е втора соработка. Видео записот е веќе снимен и деновиве ќе биде промовиран.

**❖ Твојот последен концерт беше пред 2 години. Кога може да очекуваме концерт?**
Плановите се за ова пролет. Во многу скоро време ќе бидете детално информирани за тоа кога би се случил голем концерт посветен на албумот “Капка под небото”.

**❖ Заедно со твоите колешки Маја Сар (која беше иницијатор), Александра Радовиќ и Нина Бадриќ сте дел од кампањата против рак на матката „Го почнувам животот од почеток“. Кои се твоите ангажмани во овој проект?**
Нѐ собра мојата пријателка и соработничка Маја Сар која е и автор на музиката. Ние 4 ја изведовме композицијата која за многу кратко време стана огромен хит на овие простори благодарение на хуманата порака која ја носи. Одржавме одличен концерт во Сараево пред 10ина дена и планираме да го повториме тоа во сите други главни градови во регионов.

**❖ Во Бугарија веќе те пречекуваат како голема ѕвезда. Како си прифатена во екс-ју просторите?**
Одлично. Постојано сум дел од различни случувања на просторите на поранешна Југославија, еве последно пред неколку дена бев на Оскар на популарноста во Белград каде што бев номинирана за екс-ју изведувачи, заедно со Парни ваљак и Џибони.

**❖ Какви ти се односите со колегите од македонската естрада? Имаш ли блиски пријатели меѓу нив?**
Односите ми се сосем коректни, но моите најблиски пријатели се луѓе кои немаат ништо со естрада или било каква јавна професија.

**❖ Пееш поп музика, но каква музика сакаш да слушаш? Со која музика се релаксираш?**
Јас слушам се и сакам да сум во тек со се што е добро од секој жанр. Пресреќна сум дека мојот моментален фаворит, дуото “Hurts” доаѓа во Македонија, а инаку ги сакам и “Muse”, “Kings of Lion”, последниве месеци ги слушам и Daniel Merriweather, Foo Fighters, Cheryl Cole, значи имам прилично шаренолик вкус.

**❖ Како го поминуваш слободното време?**
Со најблиските. Секој момент со луѓето што ги сакам ми е скапоцен и се трудам секој слободен момент да го поминам со семејството, пријателите...

**❖ Колку ти значи поддршката од најблиските?**
Значи многу а јас можам слободно да кажам дека од секогаш и сум ја имала. Не е пресудно, но сепак е олеснителна околност кога твоите блиски ќе ти дадат “ветар во грб”.

**❖ Важиш за скромна девојка кога станува збор за изјавите за твојата убавина и твојот изглед. Внимаваш ли на исхраната?**
Па не знам дали е тоа скромност, искрено баш и не го сакам овој збор. Јас сум таква каква што сум, никогаш нема да ме чуете како сама се фалам себеси, никогаш нема да си ги истакнувам позитивните страни, дури и во приватни ситуации избегнувам да бидам во центар на внимание. На исхраната внимавам умерено, порано повеќе сега веќе не се оптоварувам со тоа туку го пратам говорот на организмот.

**❖ Од декември минатата година си заштитно лице на Витаминка. Што значи оваа соработка за тебе?**
Огромно задоволство ми е оваа соработка бидејќи Витаминка ме асоцира на моето детство, јас како и повеќето мои врсници сум пораснала со производите на Витаминка а тука пред сѐ би ги издвоила “Стоби флипс” кои се на некој начин симбол на мојата генерација.

**❖ Кој ти е омилен производ на Витаминка?**
“Стоби флипс” од секогаш ми биле, а последниве години тука се и чоко Стоби флипс кои често си ги купувам за десерт и се слатки таман колку што сакам, баш по мој мерак.

**❖ Кои производи на Витаминка ги користиш во твојата секојдневна исхрана?**
Вечното дете во мене нема никогаш да се откаже од “Стоби флипс”. ■

*рецепти од вработени*

# Торта со FRUTTI JAFFA



## Потребни состојки

- 1кг. Кекси Frutti
- 1 1/2 филџани млеко
- 200 гр. ореви
- 1/2 маргарин
- 4 лажици шеќер во прав "Витаминка"
- сок од еден портокал
- 1 кесичка шлаг пена "Витаминка"




## Начин на подготовка

Маргаринот се мати со шеќерот во прав. Frutti меките кекси се сечат на 4 и се потопуваат во млекото за да омекнат. Оревите се сечкаат и се мешаат со frutti кексот и маргаринот. На крај се додава сокот од портокал. Сето тоа измешано се става во калап и се остава во фрижидер да се здрви. На крајот се става шлаг пената одозгора.

Милена Наумовска
Сектор развој

Извадоци од Гинисова книга на рекорди

## Најголемото колаче на светот



Најголемата колаче на светот е измерено 102 метри во дијаметар и тежело повеќе од 40.000 килограми! Направено е од страна на американската компанија "Immaculate Baking" на 16 мај 2003 година, во Хендерсонвил, Северна Каролина. Еве некои други работи кои што се споредуваат со ова гигантско колаче.

**Еве што приближно изнесува околу 100 метри**
- Кошаркарско игралиште
- 1/3 од рагби игралиште
- Синиот кит
- Авион „Боинг" 737

**Што друго тежи 40 000 килограми**
- 4 возрасни слона
- 7 камиони пик-ап
- 3 тираносаурси Рекс

**Состојки во најголемото чоколадно колаче во светот**
- 12 200 кг брашно
- 6 525 кг путер
- 13 000 000 поединечни парчиња на чоколадо (6 000 кг чоколадо)
- 5 000 кг бел шеќер
- 3 370 кг темно кафеав шеќер
- 30 000 цели јајца
- 184 кг сол
- 79 кг сода бикарбона
- 10 литри чиста ванила

# Занимливи факти за кечапот



### 1. Кечапот поефикасно ги спречува болестите на срцето, отколку доматите

Ликопенот е докажан антиоксиданс кој помага во отстранувањето на слободните радикали од организмот. Слободните радикали се нестабилни молекули на кислород, кои предизвикуваат канцер и други ризични болести по животот. Кечапот содржи ликопен, состојка што има витална улога во намалувањето на ризикот од појава на срцеви болести, како и на малигни заболувања. Ликопен содржат и доматите, но организмот полесно го вари кога е внесен во облик на кечап.

### 2. Со кечап вратете го сјајот на вашите бакарни садови

Бакарот потемнува и потоа не изгледа добро, а со следниве трикови ќе успеете да му ја вратите свежината. Наполнете шише со прскалка од половина литар со раствор од загреан бел оцет и 3 супени лажици сол, а потоа испрскајте ги бакарните предмети. Оставете го растворот кратко да делува и потоа избришете. За да блескаат вашите бакарни садови, на една памучна крпа посипете кечап, премачкајте ги и оставете ги така една минута, а потоа исполирајте ги и исплакнете ги со вода. Киселината која ја содржи кечапот ќе помогне да ги отстраните дамките и да го вратите бронзениот сјај.

### 3. Кечапот го намалува нивото на лош холестерол

Фински научници заклучиле дека секојдневната употреба на кечап го намалува нивото на лош (LDL) холестерол. Стручњаците од финскиот Универзитет Аулу заклучиле дека кечапот го протерува холестеролот кој е опасен за кардиоваскуларниот систем и го нормализира работењето на срцето. Во текот на испитувањето на луѓе со покачен холестерол, неговото ниво значително се намалило по три недели секојдневна употреба на мала количина кечап. Научниците биле изненадени на ваквите резултати и позитивното и брзо влијание на кечапот, кое го објаснуваат со неговата главна состојка – доматот.



# Занимливи факти за мајонезот

### 1. Потекло на мајонезот

Мајонезот е густ и ладен сос или додаток, кој е направен од жолчки и масло, најчесто зачинет со лимонов сок, оцет, сол, сенф и други зачини. Со мајонезот можат да се направат различни сосови и макала. Името на мајонезот се претпоставува дека го има добиено по шпанскиот град Махон, сметајќи дека токму таму за прв пат е направен.

### 2. Со малку мајонез до прекрасни нокти

Супер храна за зацврстување на ноктите е мајонезот, а доколку сакате да ги надополните со додатна доза на витамини, помешајте го малку со маслиново масло. Навлажнете ги ноктите и оставете да делува околу пет минути, па измијте ги рацете со топла вода. Третманов повторувајте го неколку пати неделно.

### 3. Мајонез за здрав изглед на косата

Измијте ја косата со детски, неутрален шампон, а потоа косата избришете ја со пешкир. Потоа со блага масажа нанесете мајонез на расцветените врвови од косата. Ова нека делува 10 – 15 минути. Третманот завршете го така што повторно ќе ја измиете косата со неутрален шампон, по што косата ќе изгледа сјајно и негувано.

### 4. Диетална чоколада и диетален мајонез

Откритието на научниците во Бирмингем се заснова на отстранување на маснотијата со состојки како што се водата, воздухот и гелот. Сметаат дека оваа метода ќе помогне против здебелувањето. За љубителите ова може да звучи лошо, но вистина е! Создадена е чоколада на база на вода. Нејзините создавачи тврдат дека вкусот на чоколадата е ист иако содржи вода. Истиот тим кој ја создал оваа чоколада, ќе ја повтори постапката со мајонезот. Тие ќе се обидат да го задржат истиот вкус, но само со 5% масти. Мајонезот ќе има состојки од кои во допир со желудникот киселината ја претвораат во гел.

# 20 ГОДИНИ

СПОДЕЛУВАМЕ
НЕЗАБОРАВНИ
ВКУСОВИ



## Магијата продолжува



Светот на храната е полн со вкусни состојки, но само некои од нив се создадени да донесат незаборавни мигови кои го зачинуваат нашиот живот.
Веќе 20 години, Витанез е незаменлив дел од таа приказна. Приказна во која се важни само две работи - љубовта кон храната и желбата да подариме врвен квалитет. **Уживајте.**




vitaminka

www.vitaminka.com.mk